**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Васко Еленов**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино**
**ул.Мито Х. Василев бр.36-1/1**
**тел. 043/416-600;**
**izvrsitelvaskoelenov@yahoo.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 1038/2022**

Извршителот Васко Еленов од Кавадарци, ул.Мито Х. Василев бр.36-1/1 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот ФД Финансиски кредитен центар БС ДОО Скопје од Скопје со ЕДБ 4030994120906 и ЕМБС 4235827 и седиште на ул.Даме Груев Блок 1, засновано на извршната исправа НПН.бр.493/22 од 08.11.2022 година на Нотар Роза Алексова од Кавадарци, против должникот Драги Митков од Кавадарци со живеалиште на ул.14 ти Мај бр.24, за спроведување на извршување во вредност 106.669,00 денари на ден 16.06.2026 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

- Недвижност запишана во **имотен лист со број 576 за КО СИРКОВО** при АКН на РСМ – Одделение за катастар на недвижности Кавадарци со следните ознаки:

  -КП.бр.478, викано место БАРАТА , катастарска култура НИВА, класа 4, со површина од 4.105м2, **која се наоѓа со 1/2 сосопственост на должникот Драги Митков**,

**Продажбата ќе се одржи на ден 03.07.2026 година (петок) во 10:00 часот во просториите на на Извршител Васко Еленов од Кавадарци со седиште на ул.Мито Х.Василев бр.36/1-1 во Кавадарци.**

Почетната цена за оваа втора продажба изнесува износ од **114.940,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на ова јавно наддавање.

Сите даноци, такси и трошоци кои ќе настанат по основ на купопродажбата и преносот на сопственоста паѓаат на товар на купувачот.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености : Налог за извршување врз основа на член 166 од ЗИ со И.бр.1038/2022 од 15.03.2023 година на извршител Васко Еленов; Налог за извршување врз основа на чл.169 од ЗИ со И.бр.719/2022 од 18.09.2024 година на извршител Васко Еленов и Налог за извршување врз основа на чл.169 од ЗИ со И.бр.1216/2023 од 15.10.2025 година на извршител Ангел Костадиновски. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста **односно износ од 11.494,00 денари.**

**Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 280109101730348 која се води кај Силк Роуд Банка АД Скопје и даночен број 5011010501830.**

**Уплатената гаранција да биде уплатена најдоцна до 02.07.2026 година (четврток) односно да биде гаранцијата пристигната на сметка на извршителот најдоцна до 02.07.2026 година.**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање весникот Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Васко Еленов